Во согласност со член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/2020), Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013; 137/2013, 41/2014, 55/2016 и 64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019),и конкурсот за запишување на учениците во јавните и средни училишта во учебната 2024/2025 година од Министерството за образование и наука Скопје, в.д. Директорот на СЕОУ „Гостивар”- Гостивар, распишува:

# О Г Л А С
## за запишување на ученици во I (прва) година за учебната 2024/2025год.

## I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ

Во I (прва) година ќе се запишат 200 ученици, во 8 паралелки, (75 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик, 100 ученици во 4 паралелки со настава на албански јазик и 25 ученици во 1 паралелка со настава на турски јазик) според наставните планови и програми за:

**- Македонски наставен јазик**

| Образовен профил | Број на учници | Број на паралелка | Минимум поени |
|---|---|---|---|
| Економски техничар **четири годишно траење** *( соработка со ПТТУ „Хинаком – ЕПБ; ПРЕЦИЗНОСТ ДООЕЛ; Бенефит Дооел; Брендком Дооел; Викторана Дооел; Викторија- БобДоо; партнер – ЦО; АРС – ПРОМ Доо; ТаманаКом, Мона Дооел; Смарт Конт Дооел; Ажурност Плус Дооел) | 25 | 1 | 60 |
| Бизнис администратор/техничар за е-трговија и дигитален маркетинг **четири годишно траење** *( соработка со Монтенегро ДОО) | 25 | 1 | 60 |
| Угостителски техничар **четири годишно траење** *( соработка со ДТПУ АЛБИС) | 25 | 1 | 45 |

## - Албански наставен јазик

| Образовен профил | Број на учници | Број на паралелка | Минимум поени |
|---|---|---|---|
| Економски техничар **четири годишно траење** *( соработка со Финанца 21 и Еурофинанце, Биланс Консалтинг Офис ДООЕЛ, Селестина Консалтинг ДООЕЛ) | 25 | 1 | 60 |
| Правен техничар **четири годишно траење** *( соработка со општина Гостивар) | 25 | 1 | 60 |
| Бизнис администратор/техничар за е-трговија и дигитален маркетинг **четири годишно траење** *( соработка со Монтенегро ДОО) | 25 | 1 | 60 |
| Угостителски техничар **четири годишно траење** *( соработка со Сиднеј Тераце) | 25 | 1 | 45 |

## Турски наставен јазик

| Образовен профил | Број на учници | Број на паралелка | Минимум поени |
|---|---|---|---|
| Економски техничар **четири годишно траење** *( соработка со Интер Импекс Доо; Антеп Баклава, Номино Лед Дооел; Резулушнс финанс консалтинг Дооел) | 25 | 1 | 60 |

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во Средното економско општинско училиште „Гостивар“ – Гостивар во учебната 2024/2025 година се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука и објавениот конкурс на Министерството за образование и наука Скопје.

Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, наставата во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

**Условите за запишување на учениците се:**

- Да имаат завршено основно образование;
- Да не се постари од 17 години;
- Да се определиле за план и програма за стручно образование и обука;
- Да ги исполнуваат критериумите со овој оглас.

## III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**За I (прва) година При пријавување, учениците треба да ги поднесат следните документи:**

- Пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- Оригинални сведителства од VI до IX одделение;
- Дипломи (доколку имаат), од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од (мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);
- Извод од матична книга на родените (без оглед на датумот на издавање).

## IV.КОНКУРСНИ РОКОВИ

**За I (прва) година**

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни.

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 20 јуни до 25 јуни 2024 година до 15.00 часот.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 20, 21 и 24 јуни од 07.00 часот до 17.00 часот и на 25 јуни 2024 година од 07.00 до 15.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 26 јуни 2024 година, најдоцна до 09.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 28 јуни 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 28 јуни 2024 година, на јавно место во училиштето.

Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на 01 јули и 02 јули 2024 година до 15:00 часот.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 01 јули 2024 година од 07.00 до 17.00 часот и на 02 јули од 07.00 часот до 15.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 03 јули 2024 година, најдоцна до 09.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 5 јули 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 5 јули 2024 година, на јавно место во училиштето.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испитна година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после уписниот рок.

Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август 2024 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август од 07.00 часот до 17.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, секое училиште ја објавува на 22 август 2024 година, најдоцна до 12.00 часот.

По објавување на конечната ранглистите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во СЕОУ ``Гостивар`` - Гостивар, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во

рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

**Критериумите за избор на ученици во прва година се:**

- Среден успех на ученикот од VI – IX оддделение;
- Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката - **математика и историја**);
- Дипломи од освоени (I, II и III) места од меѓународни и републички натпревари;
- Дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитиран издруженија од Министерство за образование и наука) од (мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);
- Средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

Во средното образование за ученици со посебни образовни потреби се вклучуваат ученици според видот и степенот на попреченост.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно огласот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта нема да биде обезбеден, ако избраниот вид образование (струка или насока) го има во општината, односно регионот.

Во училиштето каде што ќе се пријават поголем број на ученици од планираниот број, со еднаков број на поени, ќе се организираат квалификационо тестирања од предметите значајни за струката (мајчин јазик и математика).

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели со 4 и истиот се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите приложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование - **мајчин јазик и странски јазик**и два прдмети што се од значење за струката – **математика и историја**), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. (За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за IIместо и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX оделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незаводоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој оглас може да добие најмногу 80 поени.**

Утврдениот број минимум поени за првиот уписен рок, прво пријавување е составен дел на овој оглас.

Училиштата за второто пријавување во јунскиот уписен рок, можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот најмногу за 10 поени, освен за гимназиско образование, еконмоско - правна и трговска струка и здравствена струка.

Училиштето е должно со интерен оглас за второто пријавување, односно третото пријавување да ги истакнат утврдените минимум поени со кои е можно учениците да конкурираат за запишување во определен план и програма..

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIIIодделение), во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение, и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Лице кое завршило деветто одделение во странство може да се запише во ова училиште ако му е нострифицирано свидетелството стекнато во странство.

## VI. ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ

Изборот и запишувањето на учениците се врши по план и програма за која ученикот се определил врз основа на вкупниот број на поени што се пресметуваат одделно за секој предмет

.

Изборот за запишување на учениците го врши Училишната комисија која одговара за правилно и навремено спроведување на Конкурсот за запишување на ученици во средните училишта во уписните рокови, ја утврдува конечната ранглиста на примени ученици и решава по приговори од ученици по конечната ранглиста, во рок од 12 часа по истакнувањето на истата.

Гостивар, 05.04.2024 год.

СЕОУ „Гостивар” - Гостивар
В.д. Директор

____________________
Михајло Ѓиноски